ЈПКР УСЛУГА - Берово
ул. "Маршал Тито" 6б П.Ф. 2330 Берово
https://www.jpkrusluga-berovo.com.mk email: berovo.usluga@gmail.com
Тел: 075-218-251, 075-309-347, 075-472-884

# Програма за работа на ЈПКР Услуга Берово за 2022 година



Берово, декември 2021

## С О Д Р Ж И Н А

1. ВОВЕД................................................................................................................................ 3
2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ........................................................................ 4
3. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ.................................................................... 5
4. СЕКТОР ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ........................................................... 6
5. ВОДНИ УСЛУГИ.............................................................................................................. 7
5.1. СЕКТОР ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВОДА....................................................................... 14
5.2. СЕКТОР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА.................................... 16
5.2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА............................................................ 16
5.2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ-КАНАЛИЗАЦИЈА.............. 28
5.3. СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ (ПСОВ)....................... 20
6. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА............................................... 23
6.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА.................................................................... 23
6.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА И ВОЗИЛА............................................................ 24
7. СЕКТОР ЈАВНА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО..................................................................... 26
7.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО........................................................ 26
7.2. ОДДЕЛЕНИЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА.............................................................................. 31
7.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАЗАР.................................................................................................. 33
8. ГОДИШЕН БУЏЕТ............................................................................................................ 34

## 1. ВОВЕД

ЈПКР Услуга Берово, како претпријатие кое ги дава виталните услуги на граѓаните и овозможува непречено функционирање во овој домен на Општина Берово, е исправено пред предизвиците кои ги носи времето и се прилагодува на настаните состојби, непрекинато и навремено извршувајќи ги секојдневните работи. Не може, а да не се спомне настаната ситуација со ширењето на Ковид-19 во светски рамки и неговото влијание во Општината и во јавното комунално претпријатие. Претпријатието сите расположливи ресурси ги вложи во минатиот период, така ќе продолжи и во 2022 година, со цел непречено извршување на работите и навремено обезбедување на услугите на граѓаните, како и дополнителни активности за амортизација на последиците.

Од јавните комунални претпријатија се очекува активно да ги следат промените кои тековно се случуваат во комуналната сфера и да се унапредуваат. Ова е процес на воведување на нови законски барања за чие исполнување е потребно ресурси и голем ангажман на вработените, што честопати и не е така едноставно да се обезбедат.

ЈПКР Услуга Берово е вклучена во институционалната компонента на Проектот за подобрување на водоснабдувањето на Делчево, поддржан од Владата на Швајцарија. Проектот е во тек, во 2022 година ќе продолжи реализацијата на предвидените активности.

Согласно програмата на Источно Планскиот Регион за затварање на депонијата во Општина Берово, во втората половина на 2022 година се предвидува транспортот на сметот и складирањето на отпадот се врши на депонијата во Општина Пехчево.

За наредната година се планира естетско уредување на парковите со изработка на нови елементи кои значително ќе ја подобрат естетитака на градот.

ЈПКР Услуга Берово активно учествува во работата на АДКОМ (асоцијација на комунални претпријатија) преку член во Управниот Одбор и членови во Комисијата за правни работи Комисијата за третман и квалитет на вода. Истотака, вработените учествуваат на сите работилници, конференции и други настани организирани од страна на асоцијацијата. АДКОМ ги застапува интересите на комуналните претпријатија пред институциите за решавање на најгорливите проблеми. Преку овие активности, се очекува во наредната година да се најдат решенија кои можат да бидат поволни по претпријатието.

ЈПКР Услуга Берово проактивно гради соработка со сите институции и партнери кои се поврзани со делокругот на работа, кои можат да помогнат во зголемување на капацитетите и ресурсите од технички и институционален аспект.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

ЈПКР „Услуга“ Берово претставува јавно претпријатие за комунални работи основано со акт од Собранието на Општина Берово со решение бр.4/66 и запишано во судскиот регистар при Апелациониот суд во Штип под реден бр.266 за што е издадено решение бр.10/75.

ЈПКР „Услуга“ Берово согласно Статутот се утврдува како независен правен субјект, управуван од страна на директорот кој го именува градоначалникот на општината. Управувањето го врши Управниот одбор, кој се состои од пет члена делегирани од страна на основачот. За вршење на контролата на материјално финансиско работење на претпријатието се формира надзорен одбор составен од пет членови кои исто така ги именува основачот.

Јавното претпријатие за комунални работи се основа заради вршење на дејност од комуналната област од јавен интерес, а која претставува незаменлив услов за животот и работа на граѓаните на територија на Општина Берово.

Основните дејности кои ги врши ЈПКР „Услуга“ Берово се: Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода, изнесување, депонирање на отпадоци и одржување на чистотата во градот, изградба на хидро-градежни објекти (изградба, реконструкција и поправка на надворешен водовод, канализација и др.), поставување и поправка на градежни инсталации, внатрешни водоводи, канализации, пречистување и одводнување на отпадни води, уредување на улици и сообраќајници, уредување, одржување на јавни зелени површини (паркови и дрвореди, зелени површини на станбени згради и др.), одржување на јавно осветлување и други комунални дејност (пазарни услуги, одржување на гробишта, оџачарски услуги и сл.).

За поуспешно извршување на својата дејност, како и остварување на резултатите во извршувањето на работните задачи, а во согласност со Статутот на претпријатието, Правилникот за систематизација на работните места, претпријатието е составено од 8 сектори и тоа: Сектор за општи и правни работи, сектор финансии и сметководство, сектор производство на вода, сектор дистрибуција на вода и канализација, сектор пречистување урбани отпадни води, сектор комунална хигиена и механизација, сектор јавна чистота, зеленило, градски гробишта и пазар и сектор катастар предмет и пресметка.

Во продолжение на Програма се проследени сите тековни работи, активности и потреби од финансиски средства за извршување на работите за сите услуги, по сектори, изготвени од соодветните раководители, кои најдобро го познаваат делокругот на работа и проблемите со кои се соочуваат.

## 3. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Секторот општи и правни работи како и Секторот сметководство и финансии ги вршат работите кои се од заеднички карактер за Претпријатието и останатите работни единици и работите околу правилното и законското функционирање на целокупното работење.

Секторот општи и правни работи се грижи за сите правни и административно - технички работи, нормативно - правни и општи работи ( следење на законските прописи и акти, изготвување акти на претпријатието, давање предлози за измени и дополнување на актите на претпријатието, се грижи за правилна примена на актите, дава совети и мислења на работниците, изготвува материјали за седниците на органите на управување - надзорен и управен одбор и сл.)

Посебен акцент од делокругот на оваа работна единица се става на работите од областа на работните односи односно заштита на правата на работниците и нивно усовршување, информираност на вработените како и работите од доменот на заштита на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

Во рамки на овој сектор се спроведуваат и јавните набавки односно се изготвува годишниот план за јавни набавки и се спроведува целата постапка за јавната набавка од изготвувањето на одлуката за потреба од јавна набавка, па се до склучувањето на договорот за јавна набавка.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето, правната служба е задолжена за преземање на сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците од услуги, односно за таа цел ќе бидат поднесени до надлежните органи - нотар, предлози за донесување решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно ќе бидат покренати постапки за присилна наплата на долгот од нередовните корисници на услуги.

## 4. СЕКТОР СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ

Во областа на финансиското работење односно Секторот финансии и сметководство се врши организирање на работата во финансиите и сметководството согласно законската регулатива. Се изготвуваат финансиските планови и обврските, сметководствените извештаи - периодични и годишни пресметки, прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период за работите околу осигурувањето, примање и контрола на сите финансиски документи во работењето, книжење на финансиските документи од платните промети преку касата и жиро сметките, се пресметува и евидентира амортизацијата на отписите на основните средства, точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава Претпријатието преку службата на инкасаторите и др.

Во координација со останатите работни единици посебно внимание ќе се посвети на наплата на фактурите од корисниците на услугите односно на зголемување на реализацијата и ефикасноста во работењето како предуслов за квалитетно извршување на услугите.

## 5. ВОДНИ УСЛУГИ

ЈПКР Услуга Берово со водоснабдување ги покрива градот Берово и селските населби Смојмирово, Мачево, Будинарци, Митрашинци, Русиново и Владимирово. Со канализација и пречистување на отпадните води, ги покрива Берово, Русиново и Смојмирово, а во текот на 2021 година треба да се приклучи и Владимирово. Со услугата пречистување на отпадни води се опфатени и Пехчево и Чифлик.

За овие услуги е изготвен Бизнис план за периодот 2021-2023 година, во кој се содржи и стратешкиот план, односно се дефинирани стратешките цели, мерки и активности за нивно исполнување.

Во однос на водните услуги, дефинирани се мисијата и визијата на претпријатието:

### Мисија

ЈПКР Услуга Берово врши дејности од јавен интерес за граѓаните на општина Берово преку доставување на безбедена вода за пиење, собирање, одведување и третман на урбани отпадни води, депонирање и собирање на цврст отпад и одржување на чистотата на јавните површини. Гради и одржува хидроградежни објекти, улици, гробишта, оџаци и пазарни услуги.

### Визија

ЈПКР Услуга е современ, технички и технолошки опремен и професионален давател на комунални услуги по достапни цени, целосно ориентиран кон квалитетот на животот на корисниците и одржувањето на чиста и здрава животна околина.

Главните стратешките цели, мерки и индикаторите на успешност се прикажани во табелата:

| Стратешки цели | | Мерки | | Индикатори на успешност | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Проширена покриеност со услуги | 1.1 | Проширување на покриеноста со услугата за снабдување со вода за пиење (рурални населби) | 1.1.1 | % покриеност – водоснабдување |
| | | 1.2 | Проширување на покриеноста со услугата за собирање и одведување отпадни води | 1.2.1 | % покриеност – собирање и одведување на отпадни води |
| | | 1.3 | Проширување на покриеноста со услугата за третман на отпадни води | 1.3.1 | % покриеност – третман на отпадни води |
| 2 | Подобрен опреативен менаџмент | 2.1 | Подобрување на перформансите на системот за дистрибуција на вода за пиење | 2.1.1 | Постојаност на услугата (часа/дневно) |
| | | | | 2.1.2 | % неприходувана вода |
| | | | | 2.1.3 | # пукање на цевки/km преносна и дистрибутивна мрежа |
| | | | | 2.1.4 | Енергетска ефикасност произведена вода, kWh/m3 |
| | | 2.2 | Подобрување на перформансите на системот за собирање и одведување отпадни води | 2.2.1 | # запушувања на канализацискиот систем/km |
| | | | | 2.2.2 | % одделен систем за атмосферски води |
| | | 2.3 | Подобрување на перформансите на пречистителната станица | 2.3.1 | Квалитет на ефлуент (% од тестовите кои ги задоволуваат стандардите) |
| | | | | 2.3.2 | Енергетска ефикасност третирани отпадни води, |

| Стратешки цели | | Мерки | | Индикатори на успешност | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | kWh/m3 |
| 3 | Подобрено/ Воспоставено управување со средствата | 3.1 | Развој/комплетирање на регистарот на средства заснован врз ГИС | 3.1.1 | % на мапирање на дистрибутивниот систем за вода |
| | | | | 3.1.2 | % на мапирање на канализацискиот систем |
| | | 3.2 | Развој на систем за одржување на средствата | 3.2.1 | Трошоци за одржување за водоснабдување (ден./приклучок) |
| | | | | 3.2.2 | Трошоци за одржување за собирање и одведување отпадни води (ден./приклучок) |
| | | | | 3.2.3 | Трошоци за одржување за пречистителна станица (ден./приклучок) |
| | | 3.3 | Подготовка на програма за капитални инвестиции (реконструкција, обнова) | 3.3.1 | Процент на обнова/реконструкција на средствата за снабдување со вода за пиење |
| | | | | 3.3.2 | Процент на обнова/реконструкција на средствата за отпадни води |
| 4 | Подобрено читање фактурирање и наплата | 4.1 | Подобрување на читањето и фактурирањето | 4.1.1 | % на покриеност со водомери |
| | | | | 4.1.2 | % на ефикасност на фактурирање |
| | | | | 4.1.3 | Потрошувачка на домаќинства л/п/д |
| | | 4.2 | Подобрување на ефикасноста на наплатата | 4.2.1 | % на ефикасност на наплата (сите водни услуги) |
| 5 | Подобрување на Финансиски менаџмент | 5.1 | Утврдување на тарифи за надомест на трошоците за сите водни услуги | 5.1.1 | % на надомест на трошоци за водоснабдување |
| | | | | 5.1.2 | % на надомест на трошоци за собирање и одведување отпадни води |
| | | | | 5.1.3 | % надомест на трошоци за пречистителна станица |
| | | 5.2 | Спроведување на сметководство по трошковни и профитни центри | 5.2.1 | Оперативен модул за работни налози |
| | | | | 5.2.2 | Оперативен сметководствен модул кој поддржува сметководство по трошковни и профитни центри |
| | | 5.3 | Подобрена ликвидност и намалување на степенот на задолженост | 5.3.1 | Однос обврски/средства |
| | | | | 5.3.2 | Моментален однос |
| 6 | Подобрување на Организација менаџмент и човечки ресурси | 6.1 | Поголема ефикасност на персоналот | 6.1.1 | # вработени/1000 приклучоци за водоснабдување |
| | | | | 6.1.2 | # вработени/ 1000 приклучоци на канализациски систем |

Врз основа на стратешките цели, развиени се акциони планови, со специфични мерки, активности и таргети. За 2022 година се предвидени следните мерки и активности од Бизнис планот во ревидирана форма на реална основа.

## Акционен план Покриеност на услугите 2022

| **Мерка 1.1: Проширување на покриеноста со услугата за снабдување со вода за пиење** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Проширување на услугата водоснабдување во населби од Општината | Обезбедување на водоснабдување на туристичката населба Беровско Езеро, преку поврзување на изградената филтер станица со водоводната мрежа која првин се планира да се рехабилитира | Временска рамка не е прецизно позната, предвидена е реконструкција на водоводната линија во 2021 година (буџет 7.776.035 ден. средства од грант обезбедени преку Општината) |

| **Мерка 1.2: Проширување на покриеноста со услугата за одведување на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Проширување на канализацискиот систем во сите делови од агломерацијата за отпадни води. Сите проширувања треба да претставуваат одделни системи (види мерка 2.2) | Проширување на услугата во село Владимирово и воведување на корисниците во системот на наплата | Дополнителни ресурси не се потребни |

| **Мерка 1.3: Проширена покриеност на третман на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Приклучување на дополнителни населби на пречистителната станица во рамки на агломерацијата за отпадни води | Проширување на услугата во село Владимирово и воведување на корисниците во системот на наплата | Дополнителни ресурси не се потребни |

## Акционен План Оперативен Менаџмент 2022

| **Мерка 2.1: Подобри перформанси на дистрибутивниот систем за вода за пиење** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Составување на годишен воден биланс за целокупниот водоснабдителен систем | Утврдување на структурата на неприходувана вода | Методологија и софтвер на Меѓународната асоцијација за вода. Годишна рутинска постапка. |
| 3 | Изготвување на целосна анализа на потрошувачката и загубите на вода | Мерења на перформансите на мрежата, детекција на истеци, анализа на потрошувачката на вода од технички и комерцијален аспект | Проект изготвен од специјализирана фирма (2021-2022 година, инвестиција од сопствени средства во висина од 1.200.000 ден.) |
| 8 | Реконструкција и рехабилитација на системот за хлорирање | Подобрување на процесот на хлорирање (инсталација на паралелен систем за хлорирање, набавка на гас маски и филтри за постоецките гас маски, реконструкција на кадата за варно млеко, монтирање на кран,со што би се олеснила манипулацијата со полните боци со хлор) | Санација и проширување на хлоринаторско одделение (2022 година, од сопствени средства во износ од 200.000 ден.) |
| 13 | Подобрување на перформансите на дел од секундарната мрежа | Подобрување на квалитетот на услугата, помал број на дефекти и намалување на загуби на вода | Реконструкција на водоводната мрежа во с. Владимирово, 2022 година, грант обезбеден од Општината, во висина од 9.975.297 ден.) |

| **Мерка 2.2: Подобри перформанси на системот за собирање и одведување отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 3 | Едуцирање на населението во однос на фрлањето масноти, пластика и цврст отпад во канализацискиот систем. | Намален број на запушувања | Податоци, персонал, стручност, време |

| Мерка 2.3: Подобри перформанси на системот за собирање и одведување отпадни води | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 2 | Набавка на чистач на крупен отпад | Намалување на број на дефекти на влезни пумпи и филтри и заштита на вработените од директен контакт со цврстиот отпад. | Набавка на фрекфентен регулатор (2020 год. Грант од проектот Делчево, во износ од 1.000.000 ден. ) |
| 3 | Набавка на перки (импелери) за потопни пумпи. | Зголемување на капацитетот на влезна вода како и намалување на број на дефекти заради преоптеретување со заштеда на електрична енергија. | Сопствен буџет, во износ од 300.000 ден., и тоа по 100.000 ден., 2021, 2022 и 2023 год.) |
| 8 | Набавка на сонда за процесно мерење на кислород | Подобрување на автоматизацијата и енергетската ефикасност | Сопствен буџет, во износ од 30.000 ден. , реализација во 2022 год. |
| 9 | Набавка на фрекфентен регулатор за подземна вода | Подобрување на енергетска ефикасност и заштита од дефекти. | Сопствен буџет, во износ од 15.000 ден. , реализација во 2022 год. |

## Акционен план Управување со средствата 2022

| Мерка 3.1: Составување на база на податоци за средствата | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Пренос на сите средства во функција од соодветните носители (општината, државата итн.) | Вклучување на сите средства во функција во регистарот на средства и сметководствената дата-база. Протокол за примопредавање | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 2 | Составување на соодветен регистар со соодветни полиња за внес на сите потребни спецификации; Набавка на функционална ГИС платформа и внесување на сите гео-податоци/ спецификации за средствата | Мапирање на сите средства поврзани со вода во ГИС системот, заедно со нивните спецификации; воспоставување на процедури за одржување/ажурирање на регистарот | Функционален ГИС (преку прокт во Делчево, швајцарски грант), ангажиран/обучен персонал, резултати |
| 3 | Спроведување на програма за инс-пекција на средствата во рамки на мрежата. Давање на опис за состој-бата и перформансите за секое по-единечно средство. Идентификација на критичните средства | Подобра слика за состојбата и перформансите на средствата, идентификување на проблематичните ставки и нивно утврдување како приоритети при инвестирањето | Воспоставен регистар на средства и регистар за одржување |

| Мерка 3.2: Развој на систем за одржување на средствата | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Утврдување на структурата на регистарот за одржување (дневник на интервенции) со цел внесување на спецификации за времето и локацијата на секоја поправка; исто така со цел пресметка на трошоците за поправка | Утврдување на структурата на регистарот и рутина за негово одржување | Воспоставен регистар на средства, обучен персонал, секојдневна комуникација со кол-центарот/техничките единици/секторот за залихи. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Воспоставување на месечна рутинска активност за надзор на одржувањето на средствата. Користи ги информациите за оценување на состојбата на средствата и нивните перформанси | Стандардизирани извештаи за пукања/поправки по вид на материјал, локација, вид на средство, трошок за поправка (мал/голем) | Доволен број на информации за трошоците по поправка (материјали/персонал/механизација) |

| **Мерка 3.3: Планирање на капитални инвестиции** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Воведување на едноставна рутинска постапка за опишување на средствата кои имаат потреба од реновирање/замена; утврдување на приоритети | Листа на средства за кои се потребни инвестиции, наведени по година (итни, среднорочни, долгорочни) | Информации за трошоците за замена, трошоците за поправка, критичноста |
| 2 | Вклучување на подобрена постапка за планирање на инвестициите во буџетирањето на комуналното претпријатие врз основа на приоритетните потреби и финансиските предвидувања за наредната (буџетска) година. Реалистични годишни ажурирања | Насочено планирање на капиталните инвестиции поддржано од регистрите на средства/одржување | Воспоставен систем за финансиско/оперативно планирање врз основа на реалистични предвидувања и потреби (одделување на активностите поврзани со вода).. 2019 година |
| 3 | Вклучување на подобри инвестициски планови во проектните апликации за различни програми за добивање грантови | Сигурни инвестициски потреби идентификувани врз основа на регистрите на средства/одржување | Воспоставен систем за финансиско/оперативно планирање врз основа на реалистични предвидувања и потреби. 2019 |

## Акционен план Читање, фактурирање и наплата 2022

| **Мерка 4.1: Подобрување на читањето и фактурирањето** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Спроведување на целосно истражување на корисниците. Проширување на модулот за корисници во рамки на дата-базата. Географско утврдување на локацијата на приклучоците. Развој на рутинска процедура. Потпишување на договори со сите корисници. | Подобра и ажурирана корисничка EDP дата-база, географско лоцирање. Постапка за рутинско и постојано ажурирање на податоците за корисниците и приклучоците. Потпишани договори со корисниците. | Екипа од Секторот за комерција, стручност, алати, време и буџет. |
| 2 | Детектирање на неовластено користење на вода (во текот на истражувањето), нелегални приклучоци, неизмерена потрошувачка на вода. Легализација и регистрација. | Намалување на нелегалната потрошувачка на вода | Поддршка од менаџментот, законска поддршка и поддршка на комуникацијата |
| 3 | Набавка на водомери и нивно Баждарење и воведување на програма за замена на водомерите | Постепено намалување на непрецизноста на водомерите | Набавка на водомери (сопствен буџет, годишно по 300.000 ден во периодот 2021-2023), баждарење на водомери, годишно по 50.000 ден. во периодот 2021-2023 год.) |
| 6 | Планирање, известување и анализа на резултатите | Релеватни информации за менаџментот за утврдување на приоритетите и постигнатите придобивки | Воспоставен систем за известување, софтвер. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Наплата за собирање и одведување на отпадни води (и пречистување) на корисниците со индивидуален извор на вода | Намалување на разликата меѓу реално испуштените и фактурирани отпадни води. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

| **Мерка 4.2: Поголема ефикасност на наплатата** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 2 | Примена на постапка за компензација на социјални случаи преку општината | Сиромашните семејства да се во можност да ги плаќаат сметките за вода | Податоци, персонал, стручност, алати, буџет |
| 4 | Развој на пристап/процедура за евидентирање на измереното и неизмереното користење на вода (јавни површини, социјални случаи, градби без дозвола за градба). | Подобра евиденција на нефактурираната легална потрошувачка на вода | Податоци, персонал, стручност, алати, буџет |
| 5 | Подобрување на софтверот со цел соодветно следење на побарувањата (доспевање, старосна структура на побарувањата, зонирање на побарувањата итн.). | Подобра комуникација со корисниците, подобрено информирање на менаџментот и подобар готовински тек | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

## Акционен план Финансиско Управување 2022

| **Мерка 5.1: Утврдување на тарифи кои ќе ги надоместат трошоците (сите водни услуги)** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Подготовка на детална анализа на трошоците врз основа на одделни сметки (види мерка 5.2), вклучувајќи и редистрибуција на трошоците за поддршка | Детална анализа на трошоците за секоја од трите услуги, врз основа на соодветно одделување на сметките. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 2 | Вклучување во регистарот на средства на сите средства во функција (и пренесените од Општината) и пресметување на амортизацијата врз оваа основа. | Воспоставување на целосна дата-база, релевантни податоци за повратот на средствата и пресметаната амортизација. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 3 | Пресметка на амортизацијата на средствата, доколку е можно врз основа на повторно вреднување на средствата. | Детални вредности на амортизацијата за секоја категорија средства | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 4 | Подготовка на детална анализа на приходите (приходите од помошните услуги треба одделно да се претстават) | Барање во однос на приходите за секоја од трите услуги | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 5 | Дефинирање на тарифната структура и пресметка на тарифниот опсег кој ќе овозможи надоместување на трошоците за секоја од услугите. | Тарифна структура и тарифен опсег | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 6 | Спроведување на анализа на достапноста и утврдување на тарифи за секоја од услугите. | План за примена на тарифи за тарифи кои ќе ги надоместат трошоците во рамки на опсегот на економска достапност. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

| **Мерка 5.2: Вопоставување сметководство по трошковни и профитни центри** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Дефинирање на трошковни, приходни и профитни центри врз основа на функционална поделба. Детално претставување на трошковните единици и трошковните активности. | Дефинирани трошковни, приходни и профитни центри, согласно организациските функции. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 2 | Измена на контниот план | Изменет контен план од 1/1/2018 | Податоци, персонал, стручност, алати, буџет |
| 3 | Распределба на трошоци: фактури, плати, средства (амортизација), материјали и режиски трошоци (врз основа на клуч за распределба). | Овозможена и функционална распределба на трошоците | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 4 | Распределба на приходи (од наплата) за вода, собирање и третман на отпадни води. | Функционална распределба на приходите | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 5 | Распределба на соодветни буџети за работа и одржување на трошковните центри за водни услуги | Соодветен буџет за годишните операции, снабдување со електрична енергија, поправки и замени. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 1 | Дефинирање на процедура и систем за работни налози и систем со поврзување со трошковните центри, ГИС итн. | Процедура за работни налози со детален опис | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 2 | Воведување на систем за работни налози со цел идентификација, планирање, распоредување, извршување, евидентирање и анализа на работата. | Систематско евидентирање на користењето на ресурсите (материјали, опрема, време, време на интервенција итн.) за изградба, одржување и поправки, локацијата каде се работело, врска до трошковниот центар и информација дали активноста била услуга која се наплаќа. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 3 | Надградба на софтверскиот систем со цел овозможување на сметководство по трошковни центри и електронско процесирање на работните налози. | Надграден сметководствен систем и оперативен модул за работни налози. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

| **Мерка 5.3: Поголема ликвидност и помал степен на задолженост** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Анализа на побарувањата (старосна структура, опции за исправка на вредноста и отпис на побарувањата, проценка на можноста за наплата) | Подобрено следење на побарувањата | Континуирано |
| 2 | Донесување одлука за отпис на побарувањата или започнување на правни дејства за наплата на доспеаните долгови | Подобра наплата на долговите | Континуирано |
| 3 | Анализа на побарувањата, листа на добавувачи со приказ на минатите трансакции | Подобро разбирање и анализа на краткорочните и долгорочните обврски | Континуирано |
| 4 | Ревидирање на договорните обврски со секој добавувач и разгледување на можноста за ослободување од обврските | Намалување на обврските | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Започнување преговори со снабдувачите за делумно ослободување од обврските или пак изнаоѓање на пристап за решавање на споровите | Намалување на обврските | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 6 | Воведување на строг систем за навремено плаќање на добавувачите со цел избегнување на плаќање затезна камата. | Намалени трошоци и излез на готовина | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

ЈПКР Услуга Берово, преку тековни активности обезбедува навремени и квалитетни водни услуги за граѓаните, со непречено функционирање на следните сектори:

- Сектор производство на вода
- Сектор дистрибуција на вода и канализација
- Сектор пречистување урбани отпадни води

## 5.1. СЕКТОР ПРОИЗВОДСТВО НА ВОДА

Програмата за работа претставува еден од основните темели за да се постигне една од основните цели на филтер станицата а тоа е производство на безбедна вода за пиење. Бидејќи водата се третира како храна и квалитетот е пропишан според правилникот за безбедност на водата за пиење како и обврските кои произлегуваат од воведените HACCP принципи, главни цели се: третман на сурова вода, контрола на процес, контрола на квалитетот на водата и хлорирање на финалната вода. Покрај овие процеси кои го сочинуваат производството и контролата на безбедна вода за пиење, голема улога има и одржувањето на опремата и објектите како и унапредувањето на знаењето на вработените.

1. Третман на сурова вода

При конвенционалниот третман на сурова вода со цел постигтнување на квалитетот на вода за пиење во согласност со пропишаните параметри, ќе продолжи и во наредната година. Тоа подразбира коагулација и флокулација со алуминиум сулфат, вар, PAA и дезинфекција со хлор. Начинот на дозирање на хемиските средства пред се зависи од квалитетот на суровата вода. Овие активности се вршат по пропишани стандардни оперативни процедури кои се дел од HACCP системот.

Во следнава табела се дадени предвидени количини и потребните средства каде се вклучени и средствата за транспорт. Инаку средствата за истите зависат од остварените тендерски постапки.

| **Ред.бр.** | **Материјали** | **Количина** | **Парични средства (денари)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Алуминиум сулфат | 50kg | 1.000.000 |
| **2.** | Вар | 25kg | 400.000 |
| **3.** | PAA | 100kg | 35.000 |
| **4.** | Гасен хлор | 1.500kg | 110.000 |
| **5.** | Течен хлор | 200kg | 10.000 |
| **6.** | Електрична енергија | 245.000kw | 360.000 |
| **7.** | Трошоци за сурова вода | 820.000m³/h | 3.500.000 |
| **Вкупно** | | | 5.415.000 |

За припремањето на реагенсите ќе се користат постојните садови и опрема, но имаме потреба од набавка на нови дозир пумпи за алуминимум сулфат.

| **Ред.бр.** | **Материјал** | **Парични средства (денари)** |
|---|---|---|
| **1.** | Дозир пумпи | 50 000 |
| **2.** | Материјал за изолација | 50 000 |
| **3.** | Набавка на кран | 18 000 |
| **4.** | Набавка на виљушкар | 24 500 |
| **Вкупно** | | **142.500** |

Перењето на елементите се врши по одредена процедура и динамика. За таложникот се предвидени дневни и годишни перења, а годишните перења се четири пати во годината. За подобрување и олеснување на перењето на таложникот потребна ни е целосна реконструкција на таложникот. Перењето на филтрите и дехлоринаторите може да биде воздушно и водено. Според HACCP критериумите една линија се пере воздушно на секои 48 часа, а водено на секои 24 часа. Поради одредени проблеми кои ни се јавуваат во зимскиот период имаме потреба од промена на некои вентили како и подобрување на изолацијата и поставување на грејачи на истите.
Дозирањето на хлорот се врши врз база на резидуелен хлор за да се избегне прекин во процесот на хлорирање на финалната вода потребно е да се инсталира паралелен систем за хлорирање, на веќе постоечкиот.

За хипер хлорирање на мрежата се користи натриум хиперхлорид и тоа се врши еднаш годишно. На хиперхлорирањето претходи проверка на сите искусни водени и воздушни вентили, со цел чистењето на мрежата да биде поефикасно.

2. Контрола на процесот

Контролата на процесот и основните параметри ќе се следат преку системот SKADA, како и преку инсталираните процесни инструменти. За континуирано следење на резидуелниот хлор треба да се набави нова електрода (15 000 денари), и набавка на нови нивометри (18 000 денари).

3. Контрола на квалитет на вода

Според законот надворешната контрола на квалитетот на водата ја вршат надлежните институции: ЈЗУ - Кочани, Институт за јавно здравје - Скопје, Хидробиолошки завод – Охрид. Внатрешната контрола ја вршиме во нашата лабараторија.
Покрај анализите за исправноста на водата од надлежните институции се вршат и други контроли кои се предвидени со закон.

| **Ред.бр.** | **Извршена услуга** | **Време** | **Парични средства (денари)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | DDD заштита | На 6 месеци | 6 500 |
| **2.** | Санитарни прегледи | На 6 месеци | 12 000 |
| **3.** | Основна анализа на вода | 2 пати месечно | 240 000 |
| **4.** | Голема анализа | 1 годишно | 30 000 |
| **5.** | Хемикалии за сопствена лаб. | По потреба | 25 000 |
| **Вкупно** | | | 313.500 |

При преработката на водата се потребни и други материјали и услуги дадени во табелата.

| Ред.бр. | Материјали и услуги | Парични средства (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Водоводни делови | 60 000 |
| 2. | Електричарски услуги | 35 000 |
| 3. | Материјал за санација на кровна конструкција | 70 000 |

4. Техничко одржување на опремата, објекти и хортикултурно уредување

Дел од опремата е застарена и бара одржување или по можност замена. Како најчести дефекти коие се јавуваат се: прегорување на моторите на пумпите како и оштетување на вртената на вентилите

Под техничко решение се подразбира

- Покривање на таложникот како и негова целосна реконструкција, чија што вредност изнесува 40 000евра,
- Антикорозивна заштита на филтрите и замена на постоечкиот чакалот со нов
- Антикорозивна заштита на филтрите со јаглен и замена на постоечкиот јаглен со нов
- Замена на стари вентили.

Целокупната вредност на оваа инвестиција изнесува околу 90 000 евра.
Исто така за одржување на објектите предвидено е замена на покривната реконструкција на дозирното одделение каде што има видливо оштетување, како и санирање на свлечиштето зад филтрите со изградба на потпорен ѕид. На овој проблем му даваме приоритет над сите други бидејќи ако не се санира свлечиштето може да предизвика голема хаварија.

